РЕПУБЛИКА СЕВРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО

БР.10 -1999/6
**од 02.12.2024 год.**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 28 од Статутот на Општина Босилово, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Босилово за 2024 година,со Одлука бр.08-2471/1 од 27.11.2023 година,од Советот на Општина Босилово, Градоначалникот на Општина Босилово го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета,по предлог Урбанистички План за село Турново,КО Турново Општина Босилово

Опфатот е со површина од **П= 89.10 ха**.

Јавната анкета и јавната презентација по **Предлог урбанистички план за село Турново,КО Турново Општина Босилово** ќе трае 5(пет) работни дена,сметано во деновите од 10.12.2024 година(вторник),до 16.12.2024 година(понеделник),а јавната презентација со стручно презентирање на **Предлог урбанистички план за село Турново,КО Турново Општина Босилово,ќе се одржи на ден 16.12.2024 година**(понеделник)**,со почеток од 12:00 часот**,во просториите на ООУ,,Св.Кирил и Методиј'' Иловица- ПОУ с.Турново.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови,или во електронска форма,преку информацискиотсистем,,е-урбанизам"

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

**РИСТО МАНЧЕВ**

РЕПУБЛИКА СЕВРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * Босилово * Општина Босилово